# УПАТСТВО

ЗА АКТИВИРАЊЕ И ИНСТАЛАЦИЈА НА ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ НА GEMALTO IDPRIME.NET ТОКЕН СО КОРИСТЕЊЕ НА MOZILLA FIREFOX

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# СОДРЖИНА


Воведни препораки ....................................................................................................3
1. Подесување на Trusted Sites ....................................................................................4
2. Повлекување на сертификат преку Mozilla firefox ......................................................6
3. Проверка на повлечениот сертификат во Mozilla firefox ..............................................8
4. Импортирање дигитален сертификат од фајл на токен од тип GEMALTO IDPRIME.NET ........11
4.1 Инсталирање драјвери за токен Gemalto.NET – за Windows 7 и понови верзии на оперативен систем ....................................................................................................11
4.2Инсталирање на vSEC:SMC апликацијата ....................................................................12
4.3Импортирање на сертификатот на токен со vSEC:SMC апликацијата ..............................13
4.5 Инсталација на PKCS11 (за апликација на УЈП)..........................................................16

# ВОВЕДНИ ПРЕПОРАКИ

Ова упатство е наменето за сите корисници на квалификуван дигитален сертификат, **Доверливост KS+** и/или **Доверливост KSN+.**

**Повлекувањето на сертификат со Mozilla Firefox, работи со верзија 68 ESR или постара**.

Ги опишува чекорите за активирање и инсталација на сертификатот на десктоп компјутер и/или лаптоп и негово импортирање на Gemalto IDPRIME.NET токен, во понатамошниот текст референциран како Gemalto.NET токен, со користење на Mozilla Firefox.

Ова упатство претставува комбинација од:
А. Упатство за активирање на сертификат на десктоп компјутер/ лаптоп за Mozila Firefox
Б. Упатство за импорт на активиран сертификат на токен

Можете редоследно да ги следите тие 2 упатства, наместо ова упатство.

Препораката за активирање на сертификатот на компјутер/лаптоп, а потоа негово префрлање на токен од тип Gemalto.NET, доаѓа од препораките на производителот на Gemalto IDPRIME.NET токен од 19.10.2017 година **Gemalto Bulletin Number** - [20171018].

Македонски Телеком препорачува чување на сертификатот исклучиво на токен, односно бришење на сертификатот од компјутерот по неговото префрлање на токен, од безбедносни причини и спречување евентуална злоупотреба на сертификатот.

.

ПРЕДУСЛОВИ:

За инсталација и активирање на дигиталниот сертификат, со склучување на договорот за користење на дигитален сертификат, Македонски Телеком ви доставува авторизацискиот код и референтниот број. Референтниот број го добивате преку е-пошта, додека авторизацискиот код го добивате по SMS.

ВАЖНО!

1. Времетраењето на авторизацискиот код и референтниот број е 30 дена од издавањето.
2. Запомнете ја лозинката потребна при користење на сертифкатот, а која ја креирате при повлекување на Вашиот сертификат.
3. Експортираниот сертификат зачувајте го на безбеден медиум (токен), во случај на дефект на компјутерот или форматирање.

## 1. ПОДЕСУВАЊЕ НА TRUSTED SITES

А. Отворете го Mozilla Firefox прелистувачот и внесете ја адресата [https://ca.telekom.mk](https://ca.telekom.mk).

Б. Кликнете на опцијата "Advanced"




В. Кликнете на Add Exception;



Г. Одберете Confirm Security Exception.



## 2. ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ПРЕКУ MOZILLA FIREFOX

А.Постапката почнете ја со внесување на адресата https://ca.telekom.mk во отворениот веб прелистувач Mozilla Firefox. Од дадените опции изберете ја опцијата “Креирај сертификат за веб пребарувач”.




Б. Во полето за референтен број го внесувате бројот што го добивате по електронска пошта, додека пак во полето за авторизациски код го внесувате бројот што го добивате по СМС порака.



В. Во полето должина на клуч внесете „High Grade“ и кликнете на копчето „Пратете барање“




Г. Почекајте додека се генерира сертификатот (не кликајте додека системот работи). Доколу се појават дополнителни прозори, кликнете ОК;




Д. Кликнете „ОК“ на двете пораки:



Ѓ. На крај од процесот ќе добиете порака за успешно преземање на сертификатот.




## 3. ПРОВЕРКА НА ПОВЛЕЧЕНИОТ СЕРТИФИКАТ ВО MOZILLA FIREFOX

А. Отворете нов прозорец во прелистувачот Mozilla Firefox. Изберете Tools -> Options




Б. Одберете Advanced->Certificates->View Certificates



В. Треба да го видите Вашиот сертификат под издавачот: Makedonski Telekom.




Г. Кликнете на сертификатот (Име и Презиме) и кликнете на **Backup...**




Д. Одберете локација каде ќе го зачувате сертификатот, внесете име на фајлот како сакате да се вика и кликнете на **Save.**



***Доколку сакате да го зачувате Вашиот сертификат на компјутер/лаптоп, потребно е да направите backup од истиот. Тоа е потребно и доколку сакате да го импортирате сертификатот на токен. По успешното импортирање на токен, препорачливо е да го избришете сертификатот од компјутерот од безбедносни причини и евентуална злоупотреба. Доколу ја чувате, копијата од сертификатот МОРА да ја чувате безбедна и исклучиво за своја лична употреба!***

Ѓ. Внесете PASSWORD со кој ќе го заштите фајлот. Овој Password го измислувате сами и треба да го запомните за да може да го користите зачуваниот сертификат.




Е. Кликнете ОК за да го зачувате сертификатот во формат .P12



# 4. ИМПОРТИРАЊЕ ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ ОД ФАЈЛ НА ТОКЕН ОД ТИП GEMALTO IDPRIME.NET

За да направите импортирање, потребно е да го имате сертификатот, зачуван во фајл со наставка .P12.

## 4.1 ИНСТАЛИРАЊЕ ДРАЈВЕРИ ЗА ТОКЕН GEMALTO.NET – ЗА WINDOWS 7 И ПОНОВИ ВЕРЗИИ НА ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ

**НАПОМЕНА**:

**За овој чекор потребно е да бидете најавени со корисник кој има администраторски привилегии на вашиот компјутер (доколку го користат повеќе корисници).**

За токенот од тип Gemalto.NET нема потреба инсталација на драјвери, доволно е само да го ставите токенот во USB портата, по што инсталацијата ќе се изврши сама.

А. Ставете го токенот во една од USB портите на десктоп компјутерот/лаптопот. Почекајте 2-3 минути да заврши инсталацијата.










Во случај на проблем со инсталација на драјверите, можете да ги преземете од следнава локација:

- За 32-bit OS: https://ca.telekom.mk/Gemalto/GemaltoNETDriver_32bit.zip
- За 64-bit OS: https://ca.telekom.mk/Gemalto/GemaltoNETDriver_64bit.zip

# 4.2ИНСТАЛИРАЊЕ НА VSEC:SMC АПЛИКАЦИЈАТА

А. На следниов ЛИНК можете да ја спуштите најновата верзија на апликацијата **vSEC:CMS® K-Series.**

Б. Стартувајте со двоклик или со кликање на RUN: **vSEC_CMS_K2.0.exe**

В. Кликнете на: **I Agree.**







В. Кликнете на Install. Доколку веќе имате инсталирано пониска верзија, кликнете на Update



Г. Кликнете Finish, по што апликацијата ќе се стартува автоматски.




Д. Апликацијата можете да ја стартувате од Вашиот десктоп преку подолната иконка:




# 4.ЗИМПОРТИРАЊЕ НА СЕРТИФИКАТОТ НА ТОКЕН СО VSEC:SMC АПЛИКАЦИЈАТА

А. Ставете го Gemalto.NET токенот во компјутерот/лаптопот и стартувајте ја апликацијата vSEC:CMS од посочената иконка:




Б. Кликнете на табот: **Card Actions.**



В. Одберете го  табот: **Certificates**, и кликнете на копчето **Import.**




Г. Кликнете на копчето Browse, за да го одберете претходно добиениот сертификат со екстензија .P12 кој е добиен согласно упатството: „Упатство за активирање и инсталација на дигитален сертификат на десктоп компјутер и/или лаптоп“.




Во полето Password се внесува лозинката за фајлот која ја внесовте при негово креирање.

Д. Кликнете на копчето Import.



Ѓ. Внесете го ПИН-от за токенот (0000 – четири нули, доколку го немате променето со некој Ваш)., и кликнете ОК.




Е. Во апликацијата се појавува Вашиот сертификат, со Вашето корисничко име.




Ж. Кликнете Close.
Можете да го користите токенот со импортираниот сертификат.

## Употреба на токенот во апликација на УЈП

За да можете да го користите дигиталниот сертификат во апликацијата на Управа за Јавни Приходи (УЈП), претходно направете инсталација на PKCS11 од наредната точка.

# 4.5 ИНСТАЛАЦИЈА НА PKCS11 (ЗА АПЛИКАЦИЈА НА УЈП)

А. Кликнете на следниов линк: [https://ca.telekom.mk/Gemalto/PKCS11_dll.zip](https://ca.telekom.mk/Gemalto/PKCS11_dll.zip)

Б. Одберете ОК, а потоа Open;







В. Со двоклик стартувајте го IDGo800_PKCS11_Library.msi




Г. Кликнете NEXT;



Д. Кликнете NEXT:




Ѓ. Кликнете NEXT;




Е. Кликнете Install па Finish;






Инсталацијата на потребните фајлови е на локација: **C:\Program Files\Gemalto\IDGo 800 PKCS#11**

Овде се наоѓаат потребните DLL фајлови за работа на Gemalto.NET токенот со апликацијата на УЈП:

- IDPrimePKCS11.dll – за 32-bit оперативен систем;
- IDPrimePKCS1164.dll– за 64-bit оперативен систем.

ДОКОЛКУ АПЛИКАЦИЈАТА КОЈА ЈА КОРИСТИТЕ БАРА НАВЕДЕНИТЕ ФАЈЛОВИ ДА БИДАТ НА ДРУГА ЛОКАЦИЈА, КОПИРАЈТЕ ГИ ВО СОГЛАСНОСТ СО УПАТСТВОТО ЗА ТАА АПЛИКАЦИЈА.

**Ж. Овој чекор е важен за корисниците на апликацијата на УЈП:**

Доколку имате 64-bit оперативен систем, одете во C:\Program Files (x86)\Gemalto и копирајте го целиот фолдер „DotNet PKCS11“ во новокреиран фолдер C:\Gemalto.